Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1688/2021

Дата: 12 -11- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9, во врска со член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20) и согласно член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
### за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Брвеница ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на куќи во состав на селски стопански двор, на КП 254 -дел и КП 256, КО Радиовце, Општина Брвеница.**

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 1 ха.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y26321** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изградба на куќи во состав на селски стопански двор, на КП 254 -дел и КП 256, КО Радиовце, Општина Брвеница, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Предметната локација се наоѓа во третата заштитна зона на изворот Рашче поради што треба да се почитуваат одредбите пропишани во Одлуката за определување на заштитните зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор Рашче, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ ("Службен весник на РМ" бр. 3/21).

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Брвеница, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 38256, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на куќи во состав на селски стопански двор, на КП 254 -дел и КП 256, КО Радиовце, Општина Брвеница.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на куќи во состав на селски стопански двор, на КП 254 -дел и КП 256, КО Радиовце, Општина Брвеница и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1688/2021 од 8.11.2021 година.

**Условите за планирање на просторот за изградба на куќи во состав на селски стопански двор, на КП 254 -дел и КП 256, КО Радиовце, Општина Брвеница претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот**.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETESOR DHE PLANIFIKIMIT HAPESINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска